Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Бр. 13-1797/6 од 22.03.2021 год.**
**( врска бр. 13-222 од 2018 год.)**

Врз основа член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07,91/09, 124/10, 18/11, 53 /11,144/12 ,55/13,163/13 и 42/14"), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2014 година со Одлука бр. 08-6309/7 од 17.12.2013 година, програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2015 година со бр.08-3449/10 од 02.12.2014 година , програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2016 година со бр.09-9531/12 од 23.12.2015 година, програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2017 година со бр.09-9108/5 од 11.11.2016 година, програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2018 година со бр.09-7848/10 од 28.11.2017 година ,програма (ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со бр.09-10814/4 од 25.12.2018 година и програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10497/10 од 31.12.2019 година и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година, Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10 , Општина Кисела Вода, - Предлог план,Плански период 2015-2020, Градоначалникот на Општина Кисела Вода го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за организирање на јавна презентација и јавна анкета**
**за Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10 , Општина Кисела Вода, - Предлог план, Плански период 2015-2020**

**Време и место на одржување на јавна анкета**

Јавната анкета по Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.10 , Општина Кисела Вода, - Предлог план, Плански период 2015-2020, ќе се спроведе со излагање на предлог - Планот во просториите на Општина Кисела Вода (барака 7) –Голема сала, како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

# ЈАВНАТА АНКЕТА ЌЕ ТРАЕ ПОЧНУВАЈКИ ОД 31.03.2021 ДО 15.04.2021 ГОДИНА

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода (барака 6),секој работен ден од 08:30-16:00 часот.

**Време и место на одржување на јавна презентација**

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **05.04.2021 (понеделник)**, во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, со почеток во **10:00** часот.

**Местоположба и површина на опфатот на планот**

Опфатот е со површина од 5,68 ха.
Планскиот опфат по осовини на сообраќајници е:
- источно - по осовина на собирна улица "Христо Татарчев"
- југо-западно - по осовина на собирна улица „Димо Хаџи Димов"
-северо-западно - по осовина на собирна улица „14-ти Декември"

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

На Општина Кисела Вода

Филип Темелковски